Уп. Бр.08-10/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ЕЛКЕМ АСА со седиште на Драменсвајен 169, Осло, Норвешка преку полномошник Мартин Иванов адвокат од  Скопје, на седницата одржана на ден 08.02.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на единствена контрола од страна на ЕЛКЕМ АСА со седиште на Драменсвајен 169, Осло, Норвешка преку неговото претпријатие-ќерка во целосна сопственост Елкем Карбон АС, со седиште на Драменсвајен 169, Осло, Норвешка над друштвото ВУМ а.д., со седиште на Приемиселна 12, 965 63 Жиар над Хроном, Република Словачка, преку купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 09.01.2023 година, а дополнето на 23.01.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од ЕЛКЕМ АСА со седиште на Драменсвајен 169, Осло, Норвешка, со која ЕЛКЕМ АСА преку неговото претпријатие-ќерка во целосна сопственост Елкем Карбон АС, со седиште на Драменсвајен 169, Осло, Норвешка ќе стекне единствена контрола над друштвото ВУМ а.д., со седиште на Приемиселна 12, 965 63 Жиар над Хроном, Република Словачка, преку купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Елкем АСА** е производител на силициум, легури за леарната индустрија, јаглерод и микросилика и глобален снабдувач на напредни решенија за материјали, со седиште во Осло, Норвешка.

Елкем Карбон АС е друштво во рамките на одделот "Карбон Солушнс" на Елкем, која снабдува производи и услуги базирани на јаглерод во индустриите за феролегури, силициум и алуминиум.
Елкем АСА нема поврзани правни лица во Република Северна Македонија.
ХХХ.

**ВУМ А.С.** е друштво активно на пазарот на јаглеродни производи основано во Словачка со околу 100 вработени.
ВУМ А.С. нема поврзани правни лица во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

ХХХ – Податоците преставуваат деловна тајна

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**